## НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА GEPIR

На веб страната на GS1 Македонија **www.gs1mk.org.mk,** во делот за GEPIR е поставен директен линк до базата на GS1 во Брисел:

**Пребарување по GTIN**

5 012345 000343

Во правоаголникот внесете бар код и кликнете на Search:

Global Trade Item Number: [ ]

(•) Trade Item Ownership

( ) Trade Item Info

[Search]

По пребарувањто се добиваат сите потребни податоци за фирмата членка чиј бар код е внесен и можност истата да се контактира.

GS1 Macedonia


**GS1 Македонија**
Маршал Тито 19
1000 Скопје
Република Македонија

***Слаѓана Милутиновиќ, директор***
Т: 02/ 32 54 250, Ф: 02/ 32 54 254
E-mail:smilutinovic@gs1mk.org.mk

*Билјана Рембоска, технички советник*
Т: 02/ 32 54 251, Ф:02/ 32 54 254
E-mail:b.remboska@gs1mk.org.mk


**www.gs1mk.org.mk**
**www.gs1.org**
**www.gs1.eu**

GS1 Macedonia

# GEPIR




## ЧЛЕНКИТЕ НА GS1 MACEDONIA ВО СВЕТСКИОТ РЕГИСТАР НА КОМПАНИИ

GS1 global standards-connecting business

## МАКЕДОНСКАТА БИЗНИС ЗАЕДНИЦА ПОБЛИСКУ ДО СВЕТОТ

GEPIR (GS1 Electronic Party Information Registry) е проект на Меѓународната организација GS1(Global Standard One) со седиште во Брисел, која управува со светскиот систем на стандарди за единствена идентификација и комуникација, т.е овозможува размена на информации врзани за производите, транспортните единици, локации и услуги. GS1 Организацијата ги проектира, развива и одржува стандардите за мулти-секторска идентификација, бар кодирањето и интернационалната електронска размена на податоци. Тоа се глобални мулти-секторски стандарди кои што обезбедуваат заеднички јазик во меѓународната трговија.

Главна активност на Меѓународната GS1 организација е развој на GS1 системот низ координирано работење со своите 108 членки-национални Организации, кои го имплементираат GS1 системот во 155 земји, со преку 1.000.000 компании.

GS1 Македонија е една од националните организации на меѓународното семејство на GS1 со преку 1.500 фирми-членки и од 1 ноември 2006 година се вклучи во реализацијата на проектот GEPIR.

***GEPIR е меѓународен електронски каталог на податоци на фирмите членки на националните GS1 организации.***

***GEPIR (GS1 Electronic Party Information Registry) е yellow pages на глобалниот синџир на трговијата.***

Преку проектот GEPIR се овозможува поголема афирмација и презентација на членките низ целиот свет со цел зголемување на ефикасноста во синџирот на снабдување.

Во ноември 2006 година GEPIR доби и светско признание и награда “BEST CASE AWARD” за успешно електронско поврзување и умрежување на фирмите со примена на нови технологии, дефиниран како “Проеект на иднината”

### ***Бенефити за членките на GS1 Македонија***

- ***електронско поврзување со преку милион компании низ целиот свет***
- ***остварување на нови бизнис контакти***
- ***реклама 365 дена во годината***
- ***светска промоција и видливост***



Целта на проектот GEPIR не е само да создаде една голема централизирана база на податоци, туку да овозможи мрежа на меѓусебно поврзување на постојните национални бази на податоци. Секоја национална GS1 организација податоците за своите членки, ги обработува и доставува до централата во Брисел за објавување, со што овозможува нивна достапност на сите свои членки и на останатите членки во GS1 заедницата.

Со вклучување во GEPIR мрежата на податоците GS1 Македонија им овозможи нови бенефити на своите членки: светска промоција и препознатливот, можност за деловно поврзување со сите останати 1.000.000 компании од светот, со едноставно пребарување на web-страната на GS1 преку GTIN бројот на производот (бар кодот) и можност да странските компании стапат во контакт со македонските компании за остварување на деловн контакт. GS1 Македонија овозможи полесен пристап на фирмите-членки на GS1 Македонија до бизнис контакти преку GEPIR проектот

***Затоа е многу битно постојано иновирање на базата на податоци на членките на GS1 Македонија. При тоа, очекуваме полна поддршка од Вас, нашите членки, преку редовно доставување на сите промени на податоците за дејноста или Фирмата, како што се: име на фирмата, адреса, матичен број, шифра на дејноста, даночен број, телефон, факс, е-маил адреса, контакт лице и сл.***